**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Натпревари по хемија за ученици од основно и средно образование

## Правила за Општинската комисија и наставниците-ментори

1) Координаторот од училиштето-домаќин е претседател на Општинската комисија.
2) Во Општинската комисија членуваат присутните наставници-ментори од сите училишта кои учествуваат на натпреварот. Онаму каде натпреварот е заеднички за основно и средно образование и општинската комисија е заедничка и ако има само едно училиште од средно и/или едно училиште од основно, тогаш наставникот од тоа едно училиште не смее да ги прегледува тестовите од своето училиште/категорија каде е ментор!
3) Наставниците-ментори имаат **право и обврска** за присуство во училиштето-домаќин **цело време додека трае натпреварот**, да учествуваат во прегледување на тестовите, да се потпишат во Записник и да се присутни сè до предавање на тестовите на претставникот на брза пошта или СХТМ.
4) Со своето активно учество, секој наставник-ментор придонесува за објективноста на натпреварот. Еден ментор не смее да контролира ученици од своето училиште или ученици со кои е во роднинска врска. Доколку ова се случи, учениците ќе бидат дисквалификувани, а наставникот повикан на одговорност.
5) Претседателот на комисијата (координаторот од училиштето-домаќин) поседува список од учениците кои имаат право да учествуваат на натпреварот.
6) Претседателот на комисијата (координаторот од училиштето-домаќин) ги носи испечатените тестови кои ги добива во **запечатена кутија/коверт, кој се отвора во присуство на сите наставници**.
7) Тестовите ги дели наставникот-тестатор во дадената училница во присуство на еден наставник-ментор – член на Општинската комисија, кој нема свои ученици во таа училница.
8) За време на натпреварот **не е дозволено присуство на други наставници во училницата**, освен при одговарање на прашања од ученици.
9) Учениците-натпреварувачи ги пополнуваат своите податоци на ливчето што се наоѓа во ковертот, го враќаат пополнетото ливче внатре и го залепуваат ковертот. Освен тоа, не смее да има никакви други ознаки на ковертот и на тестот, а ако има – тогаш тој тест нема да се прегледува и ученикот ќе биде дисквалификуван.
10) По завршување на натпреварот се собираат сите тестови и се групираат по категорија. **На тестот (кај ШИФРА:_____) и на ковертот**, без да се отвора, од надворешната страна **со фломастер** се запишува шифра од страна на член на општинската комисија, која се состои од име на општината и број на следниот начин: Првиот тест од купчето за 8 одд. се означува со шифра ОПШТИНА-801, пр. ВЕЛЕС-801 (**и на ковертот и на тестот**); на следните тестови/коверти се запишуваат шифри, пр. ВЕЛЕС-802, ВЕЛЕС-803 итн. сè до последниот тест од 8 одд. Соодветно, се означуваат тестовите и ковертите за 9 одд. (се започнува со шифра ОПШТИНА-901, потоа следува ОПШТИНА-902, ОПШТИНА-903, сè до последниот тест). За средно образование – шифрите почнуваат со 1, 2, 3 и 4 соодветно за секоја од 4-те категории (ВЕЛЕС-101, ВЕЛЕС-102,..., ВЕЛЕС-201...).
11) Тестовите **се прегледуваат од страна на комисијата според доставениот клуч** (во посебен коверт во материјалите). Тој коверт се отвора откако сите тестови ќе бидат шифрирани, не порано!
12) Се прегледува со црвено пенкало. Се означуваат точните одговори со 2, неточните и неодговорените со 0. Неодговорените прашања се прецртуваат со вертикална линија преку A, B, C, D. По прегледувањето на секој тест, наставникот кој го прегледал ги собира поените, ги запишува на предвиденото место во горниот десен дел на првата страница од секој тест и се потпишува со име и презиме.
13) Комисијата го пополнува **Записникот** за текот на натпреварот (**во два примерока**), кој е доставен заедно со другите печатени материјали. На овој формулар **мора** да бидат потпишани (со цело име и презиме, училиште и со краток потпис) **сите наставници-ментори** кои учествувале во спроведувањето на општинскиот натпревар, а во посебен дел се потпишуваат и сите тестатори со истите податоци. Еден примерок останува кај координаторот, а еден се праќа на организаторот.
14) Сите материјали (тестовите и еден примерок од Записникот) се пакуваат заедно во коверт, се залепува и предава на претставник од брзата пошта во училиштето или на претставникот од СХТМ.
15) Наставник кој е вклучен во натпреварите, а не се однесува професионално и во согласност со наведениве правила, може да биде повикан на одговорност (вклучително и кривична, доколку се докаже дека постои „пробивање“ на тестот во кое учествувал наставникот).